**20160391005**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БИБЛИОТЕКИТЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за библиотеките,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 23 февруари 2016 година.

Бр. 08-1310/1
23 февруари 2016 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БИБЛИОТЕКИТЕ

Член 1

Во Законот за библиотеките („Службен весник на Република Македонија" број 66/2004, 89/2008, 116/10, 51/11, 88/15 и 152/15), во членот 8 ставови (4), (5), (6), (7), (8), (9), (10), (11), (12), (13), (14), (15), (16), (17), (18), (19), (20) и (21) се бришат.

Ставот (22) станува став (4).

Член 2

Во членот 10 став (6) по зборот „член" се додаваат зборовите: „во рок од 15 дена од денот на приемот на решението".

Член 3

Во членот 21 став (2) точката на крајот на реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „која се води согласно Законот за општата управна постапка.".

Член 4

Во членот 49-а по зборовите: „стручниот испит" се става запирка и се додаваат зборовите: „формата и содржината на образците на барањата за избор и реизбор во стручни звања, начинот на полагање на стручниот испит, начинот на вршење избор, односно реизбор во стручни звања".

Член 5

Подзаконскиот акт утврден со овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а ќе започне да се применува со започнувањето на примената на Законот за општата управна постапка, согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 124/15).